# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 бр. 08-293

Скопје 06.06.2019г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-293 од 20.05.2019 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски, а согласно Заклучокот, бр.02-2973/2 од 05.06.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 24-та седница одржана на 05.06.2019 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-293 од 20.05.2019 година.

## Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година, Агенцијата на 09.04.2019 година, му доставила Фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2019-100-0162 (наш.арх.бр.05-2162/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 2.489.669,00 (двамилионачетиристотиниосумдесетидеветиљадиишестотинишеесетидевет) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 06.04.2019 година заклучно со 05.04.2020 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Фактурата била уредно примена на 20.04.2019 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот наш арх.бр.05-2822/1 од 20.05.2019 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на Фактурата бр.2019-100-0162 (наш.арх.бр.05-2162/1), беше 19.04.2019 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, во


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

износ од 2.489.669,00 (двамилионачетиристотиниосумдесетидеветилјадиишестотинишеесети девет) денари.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 22-та седница одржана на 21.05.2019 година, со Заклучок, бр.02-2816/3 од 21.05.2019 година, го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-293 од 20.05.2019 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 22.05.2019 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис - Известување Уп1 бр.08-293 од 22.05.2019 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На ден 03.06.2019 година до директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, Уп1 бр.08-293 од 03.06.2019 година дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје на 28.05.2019 година изврши уплата во износ од 400.000,00 (четиристотиниилјади) денари, на 29.05.2019 година изврши уплата од 850.000,00 (осумстотиниипедесетилјади) денари и на 31.05.2019 година изврши уплата од 1.239.669,00 (еденмилиондвестатриесетидеветилјадишестотинишеесетидевет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-293 од 20.05.2019 година, на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, бр.02-2973/2 од 05.06.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 24-та седница одржана на 05.06.2019 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).